ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 470
e-mail: ipapic@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр.2207 /20**
Дата:**22/07/20**
Купувач: И.Станковска
Рок на доставување: **04/08/20**

До:
e- mail
Број на страни: 3+1

| | |
|---|---|
| X | ПОНУДА |
| | БУЏЕТСКА ПОНУДА |

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за сервисирање на фенкојлери и клима уреди во просториите на ОКТА АД-Скопје, согласно Спецификацијата во прилог.

**Инструкција за понудувачите:**

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на тендерот на е-маил адресите:

ipapic@helpe.gr и a.dimitrievski@helpe.gr

**Пред достава на понудата задолжително е да се реализира увид на лице место во ОКТА АД Скопје.**

**Лица за контакт во ОКТА:**

- Соколовски Александар 075 479 - 485
- Бекаровска Елеонора 075 475 - 598
- Котевски Живко 075 316 - 574
- Црвенкова Сузана 076 337 - 438

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр.2207/20**

(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот, и

- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или најдоцна до 04.08.2020 год.**
Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**I.** Во ковертот кој ќе ја содржи **„ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА"** потребно е да се достават документите, по следниот редослед:

1. Референтна листа на компании со која компанијата соработува;
2. Тип на фреон со кој ќе се полнат климите;
3. Потпишана и заверена изјава дека вашата компанија се обврзува да го преземе стариот фреон кој ќе се извади од клима-уредите;
4. Начин на постапување со фреонот – да се достави копија од сертификат за справување со ваков тип на отпад или валиден договор со трета компанија која е сертифицирана за ваков типо на активности ;
5. Изјава со наведено време на одзив за интервенција од Ваша страна , при повик од страна на ОКТА АД-Скопје;
6. Гарантен рок на изведените работи;

**II.** Во ковертот кој ќе ја содржи **„ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА"** потребно е да се достави:

1. Понуда со фиксни цени за следните 3(три) години од моментот на склучување на Договорот , за сите или за дел од наведените ставки во спецификацијата.
   - Наведените цени ќе останат непроменети за времетраење на договорот
   - Во наведените цени треба да бидат пресметани и патните трошоци.

**Евалуација на понудите:**

Предлозите на понудувачите ќе бидат оценувани од комисија за евалуација во следните две (2) фази.

- **Фаза I: Техничка евалуација**
- **Фаза II: Финансиска евалуација**

На понудувачите кои не ги исполниле условите од техничката понуда нема да им се отвора ковертот од Финансиската понуда односно по завршување на тендерската постапка и избор на најповолен добавувач истата ќе им биде вратена назад.

**Завршни одредби**

- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават само писмено (по електронска пошта) до лицата за контакт на ОКТА. ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
- Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

Понудата да се достави во затворен коверт со назнака
**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 2207/20" .**
**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или на 04 .08 .2020 год.**
Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:

ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со условите дефинирани со ова Барање нема да се разгледуваат.**

Ве молиме да го потврдите приемот на ова Барање понуда, а доколку не учествувате на тендерот, Ве молиме да не известите на мејловите: ipapic@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr

Со почит
Александар Димитриевски